**ЗАПИСНИК**

**од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 23.09.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.09.2016 година.

2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.

3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 7 гласа „за", го усвои Записникот од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 13.09.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, го образложи предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ КОБРА ДОО Радовиш. Објасни дека на наведениот радиодифузер му е издадена фактура за годишниот

надоместок, кој на 23.08.2016 година ја има примено. Но, во законски предвидениот рок од 30 дена, ТВ КОБРА, нема извршено целосна уплата и согласно тоа, на Советот му се предлага да се покрене постапка за одземање на доделената дозвола.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-485 од 22.09.2016 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-4531/1 од 22.09.2016 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Разно**

Немаше точки под Разно.

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр. 02-4530/3
07.10 2016 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ